# Барање информација

[redacted] <[redacted]>

Fri 5/6/2022 10:42 AM

To: Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>;

Република [redacted]

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë

Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 06.05.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005- | 510/1 | | |

Арх. знак/Shenja arkivore ______

Рок на чување/Afati i ruajtjes ______

______ 20___ год./Vit.

Потпис/Nënshkrimi

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10,42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), и согласно **чл.3 од Законот за адвокатура** , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Дали од страна на ЈЗУ Општа Болница Прилеп Ви е доставена жалба по Решение бр.04-244/1 од 16.02.2022 г. за изрекување на дисциплинска мерка за работникот [redacted] и дали се доставени списите на предметот до Вас, односно дали е започната постапка за одлучување по изјавената жалба.
Бараната информација може да ми ја доставите на овој електронски на овој меил.

За [redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

[redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

12.05. 2022 година

**Архивски број:** 1005-510/3

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-510/1 од 06.05.2022 година поднесено од лицето [redacted] **СЕ ОДБИВА** [redacted]

**Образложение**

[redacted] на ден 06.05.2022 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( во понатамошниот текст: Државна комисија) достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и истото во Државната комисија е заведено под број 1005-510/1.

Во барањето е наведено дека врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и членот 3 од Законот за адвокатура, подносителот бара информација дали од страна на ЈЗУ Општа Болница Прилеп до Државната комисија е доставена жалба по Решение бр.04-244/1 од 16.02.2022 г. за изрекување на дисциплинска мерка за работникот [redacted] и дали се доставени списите на предметот до Државната комисија, односно дали е започната постапка за одлучување по изјавената жалба.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука

до Државната комисија, односно дали е започната постапка за одлучување по изјавената жалба.

Постапувајќи по Барањето Државната комисија донесе одлука истото да го одбие како неосновано од причина што во конретниот случај не се работи за барање од јавен карактер согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во овој случај се работи за барање од личен карактер и поради тоа го упатуваме подносителот на Барањето за пристап до информации од јавен карактер да се обрати со поднесок во писмена форма во кој ќе го наведе своето барање. Притоа, со оглед на тоа што барателот се јавува како полномошник на лицето [redacted], при доставување на поднесокот во прилог да достави и уредно полномошно за да може Државната комисија да постапи по истиот.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на решението.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова